Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# Планска програма за почист воздух i1 2024 - 2030

# ПРИЧИНИТЕЛИ НА ГОЛЕМА ЕМИСИЈА НА ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ

- Процеси на согорување на цврсти горива
- Согорување на огревно дрво и друго во домашни ложишта
- Согорување цврсти горива во индистријата
- Процеси на согорување на потешки течни горива
- Сообраќај (дизел возила)
- Согорување на мазут и екстра лесно гориво (во котли и печки)

# РЕЕМИСИЈА

- Одржувањето на јавната хигиена, хоризонтално зеленило.

# ОТЕЖНАТА ДИСПЕРЗИЈА

- Атмосферските услови – појавата на атмосферска инверзија во текот на зимските месеци;
- Урбанистичките фактори – Плановите и локациите на изградените објекти, при што некои големи емитери се сместени во урбаното јадро,
- Урбанистичката поставеност на објектите не овозможува лесно плакнење на воздухот и продор на ветер;

| ПРОЕКТНА ПРОГРАМА | ПРОЕКТ |
|---|---|
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ДОМАШНИ ЛОЖИШТА** | КОГЕНЕРАТИВНИ ГАСНИ ЦЕНТРАЛИ |
| | КВАЛИТЕТНО ОГРЕВНО ДРВО |
| | ГРЕЕЊЕ БЕЗ ЕМИСИЈА – топлински пумпи |
| | ВИСОКОЕФИКАСНИ КОТЛИ |
| | КОНТРОЛА НА ЕМИСИЈА ОД ДОМАЌИНСТВАТА |
| | КОМУНАЛНА РЕДАРСКА СЛУЖБА – КОМУНАЛНА ПОЛИЦИЈА |
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | ДРЖАВАТА НЕ ЗАГАДУВА – Водиме со пример |
| | ПЛАНИРАЊЕ НА ИДНИТЕ ЕМИСИИ |
| **ИНСТИТУТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ** | ИНСТИТУТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ |
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ИНДУСТРИСКИТЕ ПРОЦЕСИ** | ЗАКОН ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ |
| | ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖС |
| **ПАЛЕЊЕ НА НЕДОЗВОЛЕНИ ГОРЛИВИ МАТЕРИЈАЛИ** | СТОП ЗА ПАЛЕЊЕ НА НИВИ И СТРНИШТА |
| | РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД |
| **ЗЕЛЕНИЛО И ШУМИ** | СТОП ЗА ШУМСКИ ПОЖАРИ |
| | 40 МИЛИОНИ НОВИ САДНИЦИ |
| **ЕМИСИИ ОД ТРАНСПОРТ** | ЈАВНА ФЛОТА БЕЗ ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ – Водиме со пример |
| | ТАКСИ БЕЗ ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ |
| | ЕВРОПСКИ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ЗА ВОЗИЛАТА |
| **УПРАВУВАЊЕ СО ЕМИСИИТЕ** | КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕМИСИИТЕ |
| | ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА МЕРЕЊЕ |

ПРОЕКТ

# КОГЕНЕРАТИВНИ ГАСНИ ЦЕНТРАЛИ

**Одговорна институција:** Влада на Македонија, Министерство за енергетика и ресурси.

**Рок** 8+ години.

**Резултати:** Со оваа мерка ќе се влијае на квалитетот на воздухот до поголеми урбани центри каде што ќе се прошири централното греење или ќе се започне со централно греење (на пример: Скопје, Битола и сл.)

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ДОМАШНИ ЛОЖИШТА**

ПРОЕКТ

# КВАЛИТЕТНО ОГРЕВНО ДРВО

Проект за продажба на исушено огревно дрво. Македонски шуми во следните грејни сезони ќе изврши планска сеча на огревно дрво и ќе обезбеди огревно дрво со влажност до 20% за продажба на домаќинствата. Со тоа, ќе се овозможи поквалитетно согорување и обезбедување на гориво со повисока енергетска вредност по m3 или по kg за домаќинствата. На овој начин, на едно семејство кое досега трошело 10m3 дрво за загревање на својот дом, ќе му бидат потребни 6 – 7 m3 суво огревно дрво за истата потреба.

**Одговорна институција** – ЈП Национални шуми

**Рок 3 години** - 2027

Очекувањата се дека за 3 години на пазарот ќе има квалитетно и суво огревно дрво.

**Дополнителен бенефит:** - ќе се намали потребата за сеча на шумско дрва за потреби за огрев и ќе се заштитат македонските шумски пространства.

**Во фаза 3**: огревно дрво ќе се продава на единица маса kg со дефинирана топлинска моќ kJ и граѓаните нема да имаат сомнеж во процесот и количината на испорачано гориво.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ДОМАШНИ ЛОЖИШТА**

ПРОЕКТ

# **ГРЕЕЊЕ БЕЗ ЕМИСИЈА** | ТОПЛИНСКИ ПУМПИ

Проект за замена на постојни неефикасни котли и печки со системи за загревање без емисија на цврсти честички. Покрај досегашната програма за субвенција на топлински пумпи (инвертер клими) кои домаќинствата главно ги користат за догревање или загревање во преодни режими (есен и пролет), Владата ќе субвенционира замена на основниот систем за греење со топлински пумпи или котли на гас за домаќинствата кои ќе немаат пристап до централни греење.

**Надлежна институција:** Министерство за енергетика, Државни фондови

**Рок: 2026**

**Резултати:** Домаќинствата кои ќе користат топлински пумпи наместо цврсто или течно гориво, ќе немаат директна емисија на цврсти честички во урбаната средина и ќе имаат помали сметки за греење.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ДОМАШНИ ЛОЖИШТА**

ПРОЕКТ

# ВИСОКОЕФИКАСНИ КОТЛИ

Проект за замена на постојни неефикасни котли и печки со високоефикасни системи. Владата ќе субвенционира замена на котли, печки и ќумбиња во домаќинствата со високоефикасни котли и печки. Со овој проект ќе се опфатат оние семејства (главно во рурални средини и помали урбани средини) кои од објективни причини нема да се префрлат на греење без емисија на цврсти честички (централно греење или топлински пумпи).

**Надлежна институција:** Министерство за енергетика, Државни фондови

**Рок: 2026**

**Резултати:** Домаќинствата кои ќе користат високоефикасни котли, наместо постојните печки и ќумбиња ќе користат помалку огревно дрво за загревање на истиот простор. За очекување е дека дел од домаќинствата ќе почнат да греат повеќе простор во куќите со што ќе ги подобрат комоцијата и здравјето.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ДОМАШНИ ЛОЖИШТА**

ПРОЕКТ

# КОНТРОЛА НА ЕМИСИЈА ОД ДОМАЌИНСТВАТА

Проект за воведување регулатива за контрола на емисијата од домажните ложишта и контрола на недозволени материјали кои се согоруваат.

Во рамките на овој проект се развова и кампањата

***– ЗАШТИТИ ГИ СВОИТЕ НАЈБЛИСКИ, КОРИСТИ ЧИСТИ ГОРИВА.***

Луѓето во домот се најподложни на неквалитетното согорување и согорување на забранети супстанци, изложени се на емисијата 24 часа.

**Надлежна институција:** МЖСПП, Инспекторат за животна средина, IPA проект за воздух

**Рок: 2026**

**Резултати:** Домаќинствата кои ќе продолжат да користат цврсти горива, ќе бидат контролирани за согорување на пластика, лак, ѓубре и др. Кампањата ќе се базира на влијанието на овие горива врз здравјето на луѓето во домаќинството, како и животната средина.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:

**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ДОМАШНИ ЛОЖИШТА**

ПРОЕКТ

# КОМУНАЛНА РЕДАРСКА СЛУЖБА **КОМУНАЛНА ПОЛИЦИЈА 1198**

Дел од надлежностите на комуналната полиција ќе биде и согорувањето на недозволени материи во домаќинствата и на отворено. Создавањето на комунална полиција ќе го зголеми капацитетот за превентивна и репресивна контрола над палењето или горењето на штетни материи.

**Надлежна институција:** МЛС, ЗЕЛС.

**Рок: 2026**

**Резултати:** Намалување на горење на недозволени материјали во домашни ложишта и на отворено – намалување на болести причинети од согорување на штетни материи.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ЈАВНИ ОБЈЕКТИ**

ПРОЕКТ

# **ДРЖАВАТА НЕ ЗАГАДУВА** | Водиме со пример 1198

Повеќе од 600 објекти на државни и јавни институции користат мазут или цврсти горива за загревање или технолошки потреби.

**Надлежни институции:** Министерство за финансии, Министерство за енергетика, Општини, Фондови, **координација – кабинет на премиер**

**Рок** – тековно – до 2030

**Резултати:** Скоро целосно ќе се намали емисијата на цврсти честички од јавните објекти и ќе се остварат заштеди на енергија.

ПРОЕКТ

# ПЛАНИРАЊЕ НА ИДНИТЕ ЕМИСИИ

Урбанистичките планови по четврти треба да определат и дозволени системи за греење на објектите кои се предвидени во планот. Во одредени урбани четврти објектите ќе бидат ограничени да користат греење без емисија (централно, топлински пумпи и сл.). Со ширење на достапноста на централно греење, мрежа за гас, мрежа на електрична енергија, ќе се регулираат можностите за загревање на новоизградените, или реконструирани објекти.

**Надлежни институции:** МТВ, Општини

**Рок** – тековно – до 2035

**Резултати:** Во урбаните центри ќе се органичи употребата на системи кои загадуваат уште во фаза на планирање и проектирање или реконструкција на објектите.

ПРОЕКТ

# ИНСТИТУТ ЗА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ

Владата ќе финансира посебна научна и истражувачка дејност во делот на намалување на количестават на загадувачки материи во воздухот и штетноста на загадувачките материи. За оваа цел, во рамките на инструментот Институт за квалитет на амбиентален воздух, ќе се распишат серија конкурси за финансирање на истражувачки и научни активности.

**Надлежни институции:** МОН, Влада, МЖСПП, Владини фондови.

**Рок –** 2025

**Резултати:** Изнаоѓање на современи и апликативни технолошки решенија за реалните проблеми во урбаните средини во Македонија.

ПРОЕКТ

# ЗАКОН ЗА ИНДУСТРИСКИ ЕМИСИИ

Донесување на Закон за индустриски емисии – Со законот за индустриски емисии треба детално да се уреди и употребата на цврсти горива во индустријата, емисијата на цврсти честички – мерењето на емисијата. Надлежна институција: МЖСПП, Закон драфтуван – треба да се дополни и коригира. Инспекторат за животна средина, Управа за животна средина. А и Б интегрирани дозволи – корекција.

**Рок:** 2 години

**Очекувани резултати:** Целосна јавност во емисиите на цврсти честички од индустриските процеси, зајакната контрола на емисиите. Намалување на серии на емисија од големите загадувачи.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА НА ЧЕСТИЧКИ ОД ИНДУСТРИСКИТЕ ПРОЦЕСИ**

ПРОЕКТ

# ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖС

Строга контрола на индустриски загадувачи – Зајакнување на работните процеси во Инспекторатите за животна средина, заедничка работа на инспекторатите по вертикала. Интеграција на работата на инспекторатите за животна средина на национално и локално ниво.

**Рок** – 2025.

**Надлежни институции:** Инспекторат за животна средина, Општини, МЛС.

ПРОЕКТ

# СТОП ЗА ПАЛЕЊЕ НА НИВИ И СТРНИШТА

Строга контрола и постапување при палење на ниви (стрништа). Заедничка база на податоци на инспекторатите за животна средина и земјоделие. Укинување на можноста за субвенционирање на земјоделците кои практикуваат палење на стрништа наместо заорување.

**Надлежни институции:** МЗВШ, Инспекторат за земјоделие, Инспекторати за животна средина.

**Рок:** 2026

**Очекувани резултати:** Да престанат палењата на земјоделски отпад и стрништа особено во месеците со големо загадување со цврсти честички.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:

**ПАЛЕЊЕ НА НЕДОЗВОЛЕНИ ГОРЛИВИ МАТЕРИЈАЛИ**

ПРОЕКТ

# РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Организација на регионални центри за управување со отпад. Со реализација на овој проект ќе се затворат локалните депонии и ќе се организира управувањето со отпад во центри се секундарна селекција, искористување на енергијата и материјалите од отпадот и соодветно депонирање. Надлежни органи: МЖСПП, Општини, Влада

**Рок:** 5 години

**Очекувани регултати:** Исчезнување на дивите депонии и ѓубришта, нулта емисија од горење на вакви сметишта.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**ЗЕЛЕНИЛО И ШУМИ**

ПРОЕКТ

# СТОП ЗА ШУМСКИ ПОЖАРИ

Поставување на регулиран силен систем за брза реакција при шумски пожари, превентивно спречување, зголемување на капацитетите на Македонски шуми за силна прва реакција.

**Надлежни институции:** Кабинет на вицепремиер.

**Рок:** 2025 - .

**Очекувани резултати:** Гаснење на најголем дел на предизвиканите пожари во првата фаза. Снимки од начинот на создавање на пожарите и кривични казни за палењето, сегментирани шуми и контролирано ширење на пожарите.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**ЗЕЛЕНИЛО И ШУМИ**

ПРОЕКТ

# 40 МИЛИОНИ НОВИ САДНИЦИ

**Засадување на 40 милиони садници – 8 милиони садници годишно според Програмата 1198.**

**Надлежно:** МЗШВ

ПРОЕКТ

## ЈАВНА ФЛОТА БЕЗ ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ |Водиме со пример

1. Државата ќе започне постапка на набавка на диверзификација на јавната флота на возила и возила без емисија на цврсти честички каде што е тоа возможно.
2. Ќе се помага јавниот превоз со набавка на автобуси без емисија (електрични, автобуси на гас и др.)

**Надлежни органи:** Влада, СОЗР, Општини

**Рок:** континуирано

**Очекувани регултати:** Намалување на емисијата на ултра-фини цвсти честички од јавната флота

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**ЕМИСИИ ОД ТРАНСПОРТОТ**

ПРОЕКТ

# ТАКСИ БЕЗ ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ

Државата ќе започне програма за субвенционирање на набавка на такси возила без емисија на цврсти честички (електрични и гас).

**Надлежни органи:** Влада, Министерство за енергетика, Општини

**Рок:** континуирано

**Очекувани регултати:** Намалување на емисијата на ултра-фини цвсти честички од такси превоз..

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**ЕМИСИИ ОД ТРАНСПОРТОТ**

ПРОЕКТ

# ЕВРОПСКИ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ЗА ВОЗИЛАТА

Постојните возила ќе поминуваат на технички преглед по европски стандарди особено во делот на издувна емисија.

**Надлежни органи:** МВР, Биро за метрологија

**Рок:** континуирано

**Очекувани регултати:** Намалување на емисијата на ултра-фини цвсти честички од приватните дизел возила, замена на катализатори и филтри на возилата кои овозможуваат прониска емисија.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**УПРАВУВАЊЕ СО ЕМИСИИТЕ**

ПРОЕКТ

# КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕМИСИИТЕ

Со постапување со ургентни, краткотрајни, интервентни и сл. мерки, надлежните институции ќе можат да препорачуваат или да регулираат дел од емисиите. Забрани за користење на одреден вид горива, забрани и прекини на работа, контрола на сообраќај, пренасочување, реорганизација на работно време, годишни распореди на работа и сл.

**Надлежни органи:** МЖСПП, Влада, Општини

**Рок:** континуирано

**Очекувани регултати:** Намалување на емисијата на честички при алармантни состојби во одредени региони.

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА:
**УПРАВУВАЊЕ СО ЕМИСИИТЕ**

ПРОЕКТ

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА МЕРЕЊЕ

Проширување и редовно одржување и работа на мрежата за следење на квалитетот на воздухот,

**Надлежни:** МЖСПП

**Рок:** 2026

# Ви благодариме на вниманието